РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1654/5
04 -06- 2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 32-та седница одржана на ден 22.05.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1654/1 од 02.04.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1654/1 од 02.04.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1654/1 од 02.04.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ------------------------- по избор на функцијата судија во ----------------------------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека -------------------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата судија во ----------------------- не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1654/3 од 02.04.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Државната комисија повторно изврши проверка во Административната алатка на поднесени изјави за имотна состојба интереси по што утврди дека лицето ------------------------ ја исполнил обврската предвидена со член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поднел изјава за имотна состојба и инетерси по избор на функцијата судија ---------------------------- со бр. А.0801-2339/1 од 27.04.2026 год.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: М.С, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор